Уп. Бр. 08-151/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арамко Оверсиис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V) со регистрирано седиште на Шевенингсвег 64, 2517 KX, Хаг, Холандија, и ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ (EIG Management Company, LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави преку адвокат Божидар Милошевиќ, од Скопје, на седницата одржана на ден 08.11..2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Арамко Оверсиис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V) со регистрирано седиште на Шевенингсвег 64, 2517 KX, Хаг, Холандија, и ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ (EIG Management Company, LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави ќе стекнат заедничка контрола над МидОушн Холдингс II Л.П. (MidOcean Holdings II L.P.), ограничено партнерство со регистирано седиште на 50 Лотиан Роуд, Фестивал Сквер, Единбург, EH3 9WJ, Обединетото Кралство, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица  значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 16.10.2023 година, а дополнето на 24.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Арамко Оверсиис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V) со регистрирано седиште на Шевенингсвег 64, 2517 KX, Хаг, Холандија, и ЕИГ Менаџмент Компани

ЛЛЦ (EIG Management Company, LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави со која Арамко Оверсиис Компани Б.В. и ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ ќе стекнат заедничка контрола над МидОушн Холдингс II Л.П. (MidOcean Holdings II L.P.), ограничено партнерство со регистирано седиште на 50 Лотиан Роуд, Фестивал Сквер, Единбург, EH3 9WJ, Обединетото Кралство, (во понатамошниот текст: „МидОушн Холдингс II“) и индиректно над МидОушн Енерџи ЛЛЦ (MidOcean Energy LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави (во понатамошниот текст „Предложено заедничко вложување“).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Арамко Оверсиис Компани Б.В.** е индиректно зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со главно седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија (во понатамошниот текст: Сауди Арамко). Сауди Арамко е акционерско друштво основано со Кралска уредба бр. М/8 на Саудиска Арабија. Сауди Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, истражувања, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.
Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но е претежно ангажирано во Северна Македонија во продажбата на полимер.

**ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ** –(заедно со своите контролирани фондови и поврзани друштва – ЕИГ), е водечки институционален инвеститор во глобалните енергетски и инфраструктурни сектори, тој е специјализиран за приватни инвестиции во енергетиката и инфраструктурата поврзана со енергетика на глобално ниво.
ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ и неговите поврзани друштва (вклучувајќи ги субјектите кои се под контрола на фондовите под контрола на ЕИГ) немаат активности на инвестирање или деловно работење во Северна Македонија.
МидОушн Холдингс II било основано на 4 август 2023 година за целите на Предложената трансакција.

**Предложеното заедничко вложување** е друштво со ограничена одговорност од САД, основано во 2022 година во државата Делавер, во моментот во индирекна целосна сопственост на фондовите контролирани од ЕИГ преку МидОушн Холдингс Л.П. (MidOcean Holdings L.P.), ограничено партнерство од Шкотска.
Предложното заедничкото вложување е друштво за течен природен гас („ТПГ“),основано и управувано од ЕИГ со цел развивање на разновидно, издржливо портфолио на ТПГ кое е и конкуретно во поглед на трошоците и емисиите на јаглерод. Тоа ја одразува довербата на ЕИГ во ТПГ како критичен фактор за енергетската транзиција и растечкото значење на ТПГ како геополитички стратешки енергетски ресурс. Предложеното заедничко вложување се обидува да

создаде едно секторско (pure play) разновидно интегрирано и меѓународно портфолио на висококвалитетни, долгорочни оперативни проекти за производство на ТПГ.
Предложеното заедничко вложување ќе има активности насочени кон пазарот, откупување на и пласирање на дел од ТПГ од проектите на трети лица во кои има инвестирано, првично во Австралија, потенцијално и на друго место во подоцнежна фаза.
Предложеното заедничко вложување во моментот не поседува било какви средства. За повеќе информации, погледнете го Прилог 3.
Во Северна Македонија, Предложеното заедничко друштво досега немало било какви активности. Неговите единствени активности до денес биле склучување трансакциски договори за стекнување на ТПГ средства кои се наоѓаат во Австралија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**